Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2002 година.

Бр. 07-514/1
30 јануари 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Оломан Сулејмани**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000 и 96/2000) во членот 27 став 1 по зборот "легитимација" се додаваат зборовите: "или картичка за здравствено осигурување".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Формата и содржината на здравствената легитимација, односно на картичката за здравствено осигурување, начинот на издавање и користење, како и доказот од ставот 1 на овој член ги утврдува Фондот со општ акт."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2003 година.